Финансирано од Европска Унија

Reform Monitor

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Извештај за спроведувањето на реформската агенда: Пилот-следење на реформите

ПРВ СЕМЕСТАР 2025 - ДО ЈУНИ 2025

Институт за европска политика. Скопје

# Извештај за спроведувањето на реформската агенда: Пилот-следење на реформите

**Република Северна Македонија - ПРВ СЕМЕСТАР 2025 - ДО ЈУНИ 2025**

Издавач:
**Институт за европска политика – Скопје (ЕПИ)**

Автор:
**Фикрија Таир-Селмани,** ЕПИ

Уредник:
**Стефан Ристовски,** ЕПИ

Лектор на македонски јазик:
**Дејан Василевски**

Превод на македонски јазик:
**Блерина Старова Златку**

Дизајн:
**Релатив**

Скопје, 2025 г.

Оваа публикација е финансирана од Европската унија. Содржината е единствена одговорност на Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ) и мрежата „Think for Europe“ и не мора нужно да ги одразува ставовите на Европската унија.

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 05

Клучни достигнувања 06

Клучни предизвици 06

СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА РЕФОРМИ И РАСТ: ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ЧЕКОРИ 07

Поставување на национални институционални структури 07

Барање(ња) и одобрение на средства од Инструментот за реформи и раст 09

СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФОРМСКАТА АГЕНДА: СТАТУС НА РЕФОРМСКИТЕ ЧЕКОРИ ВО ФОКУСОТ (ПРВ СЕМЕСТАР – 2025) 10

НАПРЕДОК ПО РЕФОРМСКИ ЧЕКОРИ, ПО ПОТПОДРАЧЈА 12

Област на политика I: Фундаментални вредности/Владеење на правото 12

Област на политика II: Енергетска/дигитална транзиција 17

Област на политика III: Човечки капитал 20

Област на политика IV: Развој на приватниот сектор и деловното опкружување 21

СЛЕДЕЊЕ НА ИСПЛАТИТЕ (СЕМЕСТРАЛНО) 24

Извештајот од спроведувањето на реформската агенда: Пилот-следење на реформите е прв од серијата национални извештаи од следењето во рамките на проектот Следење на реформи и раст во Западен Балкан.

Овој прв извештај од спроведувањето на реформската агенда: Пилот-следењето на реформите е прелиминарен полугодишен пресек (слика), а не детална евалуација. Затоа што проектниот тим го тестира методолошкиот пристап и индикаторите, понатамошниот развој на политиките во следните недели може да доведе до промена на статусот на реформите што се во најава.

Следењето на реформите се однесува на спроведувањето на избраните реформски чекори од Реформската агенда. Избраните реформски чекори се организирани во т.н. „домени на политики“ што спаѓаат во области и подобласти на политики на Реформските агенди. Овие „домени на политики“ се развиени врз основа на дополнително ниво на идентификација и кодирање на реформските чекори од страна на проектниот тим. Пристапот е избран со цел сосредоточување на заедничките реформски чекори во регионот на Западен Балкан и овозможување анализа, бенчмаркинг и споредливост на регионално ниво, земајќи ги предвид ограничените човечки ресурси и тематската експертиза на мрежата TEN. За методолошките белешки и процесот на селекција на реформските чекори видете ја методолошката нацрт-белешка.

Пилот-извештајот за спроведување на реформската агенда е подготвен врз основа на методологијата за Следење на реформите и опфаќа: (1) извршно резиме на високо ниво; (2) анализа на постапната усогласеност според рамката на Инструментот за реформи и раст; (3) преглед на статусот на спроведување на реформите по домени на политики; и (4) наративна анализа на клучниот напредок и клучните предизвици. Секој дел дава слика за напредокот и предизвиците во спроведувањето на реформската агенда на Република Северна Македонија.

Имајте предвид дека крајниот рок за прибирање и оцена на податоците за овој извештај е 30 јуни 2025 година. Настаните што ќе се случуваат по овој датум не се опфатени во овој извештај, но ќе бидат земени предвид во следните.

TEN Think for Europe Network | European Policy Institute, Skopje | European Policy Centre | institut alternativa | IDM Institute for Democracy and Mediation | Foreign Policy Initiative BH | Group for Legal and Political Studies

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во првиот семестар што ги опфаќаше и роковите заклучно со декември 2024 година и јуни 2025 година, Република Северна Македонија ги презеде првите значајни чекори во спроведувањето на Реформската агенда (РА) во рамките на Инструментот на ЕУ за реформи и раст (Инструментот). Процесот и постапките за воспоставување на правните и техничките структури за спроведување – како што се поднесувањето на Реформската агенда, ратификацијата на Спогодбата за инструментот и Договорот за заем, назначувањето на национален координатор, воспоставувањето на Службата за координација против измами, развојот на структура за спроведување, следење и известување, како и Планот за комуникација и видливост – се веќе воспоставени, создавајќи институционална основа за понатамошно спроведување на реформите. Само фазата во која се воспоставува Комитетот за следење на Инструментот останува нејасна поради ограничените јавно достапни информации. Нејзиното формирање сè уште е во тек, а првиот состанок е планиран за втори јули 2025 година.

Република Северна Македонија е првата земја во регионот што доби финансиски средства во рамките на Инструментот за реформи и раст (Инструментот), обезбедувајќи почетна транша за претфинансирање од 52,4 милиони евра, како одговор на нејзиното барање поднесено во ноември 2024 година. На 14 март 2025 година, земјата го поднесе првото барање за ослободување средства во износ од 17,1 милион евра, заедно со националниот извештај за спроведените реформски чекори во првиот рок, декември 2024 година. Оцената на Европската комисија на испратениот извештај се очекува до 12 јуни 2025 година[1], под услов да не бидат потребни да се достават дополнителни коментари или барања за информации.

Во овој извештај, **следењето реформи покриваше 12 од 21 реформски чекор предвидени со роковите заклучно со декември 2024 и јуни 2025 година**.

1 Врз основа на информации споделени од претставник на Министерството за европски прашања, 90-дневниот рок за оцена од страна на Европската комисија ќе биде привремено суспендиран поради доставување на дополнителни докази и документација.

## Клучни достигнувања

» Република Северна Македонија успешно ги исполни основните правни и административни услови неопходни за операционализација на Инструментот за реформи и раст. Формирањето на Комитетот за следење на Инструментот сѐ уште е во тек, а првиот состанок треба да се одржи на втори јули 2025 година.

» Република Северна Македонија е првата земја во регионот што обезбеди претфинансирање согласно Инструментот, добивајќи 52,4 милиони евра, што претставува 7% од вкупната финансиска помош од 750 милиони евра доделена преку овој Инструмент.

## Клучни предизвици

» Неколку реформски чекори сѐ уште се во тек поради доцнења во изготвувањето на законската регулатива, спроведувањето консултации, донесувањето на законите, промени во однос на човечките ресурси и капацитетите во институциите, како и поради недоволната политичка подготвеност за навремено спроведување и следење на активностите, како и спроведувањето на последователни активности по јавните консултации.

» Постапните прашања би можеле да ја нарушат предвидливоста на навременото спроведување на реформите.

» Недоволното информирање на јавноста за степенот на усогласеност на предложените закони со правото на ЕУ отвора дилеми околу транспарентноста и правната предвидливост на законодавниот процес.

» Недостатокот на информации или повратни податоци за спроведените јавни консултации предизвикува загриженост во однос на длабочината и квалитетот на вклученоста на засегнатите страни.

# СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА РЕФОРМИ И РАСТ: ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ЧЕКОРИ

Преку следењето на Инструментот се оценува дали Република Северна Македонија ги исполнува потребните постапни етапи, односно правните и административните чекори утврдени во рамката на Инструментот, со цел да се овозможи пристап до финансиската поддршка од ЕУ. Овој дел од следењето ги утврдува првичната и тековната постапна усогласеност на владата, користејќи директно бинарно оценување: **Исполнет** или **Неисполнет**.

## Поставување на национални институционални структури

Спроведувањето на Инструментот за реформи и раст е поврзано со неколку стратешки документи и аранжмани, кои ги утврдуваат основните начела и услови за пристап до финансирање од Инструментот преку заеми. Некои од овие чекори претставуваат основни предуслови што Република Северна Македонија мора да ги исполни пред да добие каква било исплата од Инструментот. Република Северна Македонија ќе може да пристапи до средствата откако овие документи ќе стапат на сила. Остварувањето на овие индикатори е од клучно значење за почнување на процесот на финансирање на реформите.

| Постапен чекор | Статус | Детали за напредокот |
|---|---|---|
| Доставување на Реформската агенда до ЕУ | Исполнето | Република Северна Македонија ја достави својата конечна Реформска агенда на десетти јули 2024 година. |
| Одлука за спроведување на Реформската агенда | Исполнето | ЕК ја донесе одлуката за спроведување на 23 октомври 2024 година. |
| Ратификација на спогодбата за инструментот и стапување на сила | Исполнето | Собранието го донесе Законот,[2] кој стапи на сила на четврти февруари 2025 година. |
| Ратификација на договорот за заем и стапување на сила | Исполнето | Собранието го донесе Законот[3] на 27 декември 2024 година, кој стапи на сила на трети јануари 2025 година. |
| Назначување на Национален координатор за РА | Исполнето | Со Одлука на Владата бр. 33, министерот за евроинтеграции е назначен за координатор на Реформската агенда на 19 ноември 2024 година. |
| Служба за координација на борба против измама | Исполнето | Одделението за координација на борба против измама (АФКОС), во рамките на Министерството за финансии, е дел од структурата за спроведување и надзор на Инструментот за реформи и раст, утврдена со Уредбата на Владата од 28 мај 2025 година. |

2 Закон за ратификација на Договорот за инструментот помеѓу Европската унија, застапена од Комисијата, и Република Северна Македонија, застапена од Владата на Република Северна Македонија, за посебни аранжмани за спроведување на поддршката на Унијата за Република Северна Македонија во согласност со Инструментот за реформи и раст.

3 Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

| | | |
|---|---|---|
| Формирање Комитет за следење на Инструментот за реформи и раст | Неисполнето | Нема информации од јавен карактер што го потврдуваат воспоставувањето на оваа структура. Сепак, според официјален претставник од Министерството за европски прашања, состанокот за формирање на Комитетот за следење на Инструментот е закажан за втори јули 2025 година. |
| Структура за спроведување, следење и известување | Исполнето | Ова е утврдено со Одлука на Владата и Уредба на Владата, која стапи на сила на 28 мај 2025 година. |
| План за комуникација и видливост | Исполнето | Овој план беше донесен на десетти март од страна на Владата и испратен до ЕК на 14 март. |

## Анализа и забелешки

Во текот на извештајниот период, Република Северна Македонија ги исполни поголемиот дел од клучните правни и административни услови за операционализација на Инструментот за реформи и раст. Сепак, останува уште еден чекор, за кој засега не се објавени информации во јавноста. Реформската агенда беше поднесена на десетти јули 2024 година и одобрена од Европската комисија во октомври 2024 година, додека спогодбата за инструментот и Договорот за заем беа ратификувани и стапија на сила на четврти февруари и трети јануари 2025 година, соодветно[4]. Националниот координатор за РА беше назначен на 19 ноември. На 20 мај 2025 година, Владата донесе Одлука за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година и Службата за координација на борбата против измама, која стапи на сила на 28 мај 2025 година. Планот за комуникација и видливост беше донесен на десетти март и испратен до ЕК на 14 март. Досега не се објавени јавно достапни информации што би го потврдиле формирањето на Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст. Сепак, според официјален претставник на Министерството за европски прашања, состанокот за формирање на Комисијата за следење на Инструментот е закажан за втори јули 2025 година.

4 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 23 од 04.02.2025 година и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 3/25 од 03.01.2025 година.

# Барање(ња) и одобрение на средства од Инструментот за реформи и раст

Секој корисник, вклучително и Република Северна Македонија, ја задржува подобноста за исплати во текот на целиот животен циклус на Инструментот и подложи на неколку чекори што се повторуваат на полугодишно или годишно ниво. Секое полугодие, овие чекори се разгледуваат и се оценуваат соодветно, користејќи бинарен систем на оценување. **Исполнето** или **Неисполнето**.

| Постапен чекор | Статус | Детали за напредокот |
|---|---|---|
| Барање за претфинансирање | Исполнето | Република Северна Македонија го поднесе барањето за претфинансирање во ноември 2024 година. |
| Исплата на претфинансирање | Исполнето | Република Северна Македонија ја доби исплатата за претфинансирање на 24 март 2025 година. |
| Поднесување на барање за полугодишна исплата | Исполнето | Полугодишниот извештај е поднесен на 14 март 2025 година. |
| Придружна документација за спроведени реформи (национално полугодишно известување) | Исполнето | Република Северна Македонија го поднесе извештајот за следење на реформите за декември 2024 година на 14 март 2025 година, но извештајот не беше објавен. |
| Процена на ЕК за спроведување на РА | Неисполнето | Постапката е во тек, при што е даден рок од 90 дена по поднесувањето на извештајот. Затоа што извештајот беше поднесен на 14 март 2025 година, се очекува Европската комисија да ја достави својата процена до 12 јуни 2025 година, под услов да не бидат доставени дополнителни коментари или барања. |

## Анализа и забелешки

Република Северна Македонија е прватa земја што има пристап до претфинансирање во рамките на инструментот за реформи и раст, добивајќи 52,4 милиони евра, што е еднакво на 7% од вкупно 750 милиони евра доделена финансиска помош во рамките на Инструментот. **За време на тековниот извештаен период, ЕК направи голем исклучок за сите корисници, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, овозможувајќи им да ги завршат реформските чекори од декември 2024 година со двомесечно продолжение, односно до крајот на февруари 2025 година.** Така, доцнењата во составувањето на постапните чекори се вообичаени во целиот регион. Со оглед на горенаведеното, Република Северна Македонија поднесе полугодишни барања и придружна документација на 14 март 2025 година, во врска со реформите што требаше да се спроведат до декември 2024 година. Европската комисија во моментов го оценува извештајот во рамките на стандардниот 90-дневен рок за преглед. Доколку не се потребни дополнителни појаснувања или забелешки, се очекува оцената да биде финализирана до 12 јуни 2025 година.

**Иако поднесувањето на полугодишниот извештај претставува значаен чекор во процесот, документот сè уште не е јавно достапен за увид.** Гарантирањето транспарентност во овие процеси ќе придонесе за одржливо спроведување на клучните реформски чекори во следните етапи.

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФОРМСКАТА АГЕНДА: СТАТУС НА РЕФОРМСКИТЕ ЧЕКОРИ ВО ФОКУСОТ (ПРВ СЕМЕСТАР – 2025)

Во табелата е даден преглед на реформските чекори по области на политика, кои се следат од страна на проектот „Следење на реформи и раст“, согласно датумите предвидени за спроведување на реформите заклучно со декември 2024 и јуни 2025 година. Таа го нагласува статусот на спроведување на секоја реформа и постигнатиот напредок. Во рамките на избраните домени, Република Северна Македонија има вкупно два реформски чекора за првиот семестар, декември 2024 година, и десет реформски чекори за првиот семестар, јуни 2025 година. Како таков, **овој извештај на следењето на реформите опфаќа 12 од вкупно 21 реформски чекор од РА, предвидени за спроведување до декември 2024 година и јуни 2025 година**.

| Реформа (ИД и наслов) | Детали за напредокот |
|---|---|
| **Област на политика: Фундаментални вредности/Владеење на правото<br>Домен на политики: Реформи во судството (3/13 реформи)** | |
| 4.2.1.1. Слободните позиции за судии и јавни обвинители се пополнуваат редовно врз основа на проекциите на Судскиот совет/Советот на јавни обвинители по спроведувањето на стратегиите за управување со човечки ресурси во судовите/ЈО (декември 2024 г.) | Огласите за вработување се објавени, но информациите за процесот на селекција се ограничени. Дополнително, потребна е транспарентност преку објавување ранг-листи на кандидатите и редовно ажурирање на статусот на пополнетите слободни работни позиции. |
| 4.2.1.2. Донесување измени на законите со кои се регулираат платите на судиите и обвинителите, како и на судската и обвинителска служба (јуни 2025 г.) | Донесени се два клучни закона – Законот за плати на судиите и Законот за плати на јавните обвинители. Преостанатите два закона – Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба – сѐ уште се во постапка. Додека предлог-законот за судска служба и предлог-законот за јавнообвинителска служба се објавени на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР), нема јавно достапни информации или докази за консултации со засегнатите страни за преостанатите два закона. Во владина постапка се Законот за плати на судиите, Законот за плати на јавните обвинители и Законот за судска служба. Се очекува поефикасен и побрз законодавен процес. Рокот за завршување на овој чекор ќе продолжи и по 30 јуни. |
| 4.3.1. Донесен е нов Закон за Судски совет во согласност со „Оценската мисија“ за функционирањето на Судскиот совет, од септември 2023 година, и мислењето на Венецијанската комисија (јуни 2025 година) | Законот за Судскиот совет сѐ уште не е донесен, иако е изготвен врз основа на широк консензус, со учество на различни засегнати страни во рамките на работната група предводена од Министерството за правда, и ги вклучува препораките од Оценска мисија на ЕУ. Министерството за правда на 30 јуни информираше дека го доби мислењето на Венецијанската комисија и дека предлог-законот во моментов се наоѓа во владина постапка за одобрение. Со оглед на тоа што донесувањето од страна на Собранието се очекува по завршувањето на оваа постапка, рокот за исполнување на овој чекор се пролонгира и по 30 јуни. Оттука, сите потенцијални промени во постапките на Судскиот совет не можат да се проценат во оваа фаза. |
| **Област на реформи Фундаментални вредности/ Владеење на правото<br>Домен на политики: Борба против организиран криминал (реформи 2/8)** | |
| 4.7.1.1. Пополнети се сите отворени работни места на Агенцијата за управување со одземен имот (јуни 2025 г.) | Нема јавно достапни информации во врска со оваа реформа. Сепак, извештајот на Државниот завод за ревизија за Агенцијата нагласува неколку недоследности, меѓу кои и значителен недостаток на квалификуван кадар, при што се пополнети само 22 од 47 планирани позиции. Извештајот препорачува спроведување на сеопфатна функционална анализа на кадровските потреби и подобрување на координацијата со Министерството за финансии. |

| | |
|---|---|
| **Област на реформи: Енергетска/дигитална транзиција – домен на политики: Енергетска ефикасност (реформи 1/6)** | |
| 2.1.5.2. Донесување на тригодишен План за реновирање на зградите на централната влада усогласен со годишната цел за реновирање од 3% (јуни 2025 година) | Планот е вклучен во компонентата за Енергетска ефикасност на Годишниот план за спроведување на праведната транзиција за 2025 година, но нема достапни информации во врска со неговото донесување. |
| **Област на реформи: Енергетска/дигитална транзиција – домен на политики: Кибербезбедност (1/4)** | |
| 2.2.1.1. Донесување и спроведување на законодавна рамка за кибербезбедност, која е целосно усогласена со политиката на ЕУ за кибербезбедност и правото на ЕУ за кибербезбедност, т.е. Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и ажурираната стратегија за кибербезбедност (јуни 2025 година) | Собранието го донесе Законот на 27 јуни 2025 година по редовна постапка. Предлог-законот беше објавен на платформата на ЕНЕР на јавно разгледување. Собраниската комисија го разгледа нацрт-законот на 23 јуни 2025 година. Според одговорите добиени по барања за пристап до информации од јавен карактер, спроведувањето на Законот е предвидено да почне на први јануари 2026 година. |
| **Област на реформи: Енергетска/дигитална транзиција – домен на политики: Дигитални јавни услуги (2/8 реформи)** | |
| 2.2.2.4. Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ и Регулативата за eIDAS2 со донесување на ажуриран Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (јуни 2025 година) | Собранието го донесе Законот на 27 јуни 2025 година по редовна постапка. Претходно, на 17 февруари 2025 година, предлог-законот беше објавен на платформата на ЕНЕР. Во подоцнежна фаза, собраниската комисија го разгледа нацрт-законот на 23 јуни 2025 година, пред да биде доставен на пленарна седница за конечно донесување. |
| 2.2.2.9. Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ и Регулативата за eIDAS2 со донесување на ажуриран Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (јуни 2025 г.) | Собранието го донесе Законот на 27 јуни 2025 година по редовна постапка. Претходно, нацрт-законот беше објавен за јавно разгледување на платформата на ЕНЕР на десетти март 2025 година. Во подоцнежна фаза, собраниската комисија го разгледа нацрт-законот на 23 јуни 2025 година, пред да биде доставен на пленарна седница за конечно донесување. |
| **Приоритетна област: Развој на приватниот сектор и деловно опкружување – домен на политики: Иновации и пристап до финансии (1/6 реформи)** | |
| 1.1.3.3. Олеснување на пристапот до заеми за МСП со измена на релевантното законодавство за да се овозможи користење на нематеријални средства како колатерал при кредитирањето на МСП (јуни 2025 година) | Реформата е дел од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за МСП на Република Северна Македонија 2025-2030 година. Се однесува на законската рамка дефинирана со Законот за договорен залог, Законот за индустриска сопственост и Одлуката за методологија за управување со кредитен ризик. Измените на овие постојни закони не се иницирани или нема јавно достапни информации во врска со нивниот напредок. Дополнително, ниеден нацрт-закон не е објавен за јавни консултации на ЕНЕР. |
| **Приоритетна област: Развој на приватниот сектор и деловно опкружување – домен на политики: Државни претпријатија (реформи 3/10)** | |
| 1.1.5.1. Измена на Законот за трговски друштва за воведување нови правила за назначување на независни членови на одбори на трговски друштва во државна сопственост (декември 2024 година) | Законот беше официјално објавен на 27 декември 2024 година, стапи на сила на четврти јануари 2025 година, а спроведувањето треба да почне на четврти април 2025 година. Немаше јавни консултации, а законот не беше објавен на платформата на ЕНЕР. |
| 1.1.5.5. Создавање регистар на ПДС (SOEs) и трговски друштва со учество на државата, кој е јавно достапен (јуни 2025 година) | Правилникот за форматот, содржината, основањето и начинот на водење на регистарот на јавни субјекти е донесен на 31 декември 2024 година. Иако Министерството за финансии го објави воспоставувањето на Регистарот на 19 февруари 2025 година, тој останува недостапен за јавноста. Не се достапни податоци што потврдуваат дека надлежното тело е целосно операционализирано, ниту дека е спроведено тестирање на функционалноста на Регистарот. |
| 1.1.5.8. Донесување на планот за реструктурирање на операторот на железницата во државна сопственост и управителот на железничката инфраструктура до јануари 2025 година (јуни 2025 година) | Планот беше разгледан на 61. владина седница на 18 март 2025 година; сепак, не е достапен онлајн. Како резултат на тоа, неговата содржина, мерките за спроведување и активностите преземени до денес не можат да бидат разгледани или оценети. Исто така, недостигаат јавни информации што потврдуваат дали биле спроведени јавни расправи и дали засегнатите страни учествувале во процесот на изготвување. |

# НАПРЕДОК ПО РЕФОРМСКИ ЧЕКОРИ, ПО ПОТПОДРАЧЈА

## Област на политика I: Фундаментални вредности/Владеење на правото

| Домен на политика: Реформи во судството | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 1 | 2 | 6 | 0 | 2 | 2 | 0 |

Реформските активности во областа *реформи во судството* се насочени кон зајакнување на независноста, кредибилитетот и ефективноста на судскиот систем. Овие реформи имаат цел да обезбедат судство што го поддржува владеењето на правото и испорачува правда без политичко или внатрешно мешање. Реформските активности вклучуваат реализација на Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028 и придружниот Акциски план, зголемување на ниската доверба на јавноста во судството и усогласување на законската рамка со препораките на Европската унија. Овие реформи се клучни за зајакнување на правната сигурност, подобрување на демократското управување и унапредување на напорите за пристапување во ЕУ.

Во текот на првиот семестар, Република Северна Македонија вложи напори за зајакнување на квалитетот и интегритетот на судството, особено преку напорите за делумно пополнување на испразнетите места за судии и обвинители. Во текот на второто полугодие, сѐ уште се чека напредок во неколку клучни области: подобрување на функционирањето на Судскиот совет преку изготвување на новиот Закон за судски совет и донесување на потребните прописи поврзани со законите што ги регулираат платите на судиите, обвинителите и судската и обвинителската административна служба.

» ***Реформски чекор: Слободните места за судии и јавни обвинители се пополнуваат редовно врз основа на проекциите на Судскиот совет/Советот на јавни обвинители по спроведувањето на стратегиите за управување со човечки ресурси во судовите/ЈО (декември 2024 година).***

Процесот на следење првенствено оценува дали именувањето судии и обвинители се спроведуваат редовно и се усогласува со кадровските проекции утврдени од Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Покрај следењето на именувањата, се истакнува важноста на почитување на мерит-системот при изборот и потребата од транспарентно образложување од страна на надлежните институции, со цел обезбедување на соодветна екипираност. Поради временските ограничувања и тековните процеси, оваа процена се потпира на достапни податоци собрани преку преглед на документи, претходни анализи спроведени од ЕПИ на оваа тема, како и придонес од партнерските организации што ги следат седниците и работата на советите.

Судскиот совет и Советот на јавни обвинители ги пополнуваат судските и обвинителските места врз основа на петгодишни и годишни проекции, донесени преку формални одлуки. Сепак, останува нејасно дали тие се засноваат на дефинирана методологија или се усогласени со сеопфатен план за вработување. Проекциите не се базираат на стратегиите за човечки ресурси, бидејќи оние донесени во 2020 година во голема мера останаа неспроведени. **Слободните места за судии и јавни обвинители се јавно објавени на официјалните интернет-страници на советите.** Според последните расположливи податоци, пополнети се 420 од вкупно 625 судски[5] и 198 од вкупно 261[6] обвинителска позиција.

Назначувањето на 97 кандидати од осмата генерација на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) не ги следеше претходно утврдените проекции. До крајот на мај 2025 година, оваа бројка ја надминала планираната бројка од 50, додека само 29 од планираните 47 јавни обвинители биле избрани.[7] Некои од преостанатите слободни места се очекува да бидат пополнети од деветтата генерација на кандидатите на АСЈО. Постапката за избор, која првично беше прекината за време на изборите во април и мај 2024 година, по одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), со образложение дека е прекршен Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, кои забрануваат вработување во јавниот сектор за време на изборен период, подоцна беше целосно запрена. Постапката беше целосно запрена по негативното мислење од Министерството за финансии, во кое се наведува дека буџетот за 2025 година на Судскиот буџетски совет не предвидува средства за вработување на 130 кандидати.

На 10 март и 30 април, Судскиот совет избра 67 судии од осмата генерација на кандидати на АСЈО. Изборот е извршен согласно соодветните одредби од Законот за Судскиот совет, Законот за судовите, Деловникот за работа на Советот и Правилникот за рангирање на кандидатите на АСЈО. Сепак, како и во претходните случаи, ранг-листите не беа објавени на интернет-страницата на Советот. Оваа практика продолжи и во следниот период, при што Советот на јавни обвинители не објави ранг-листа за именувањата од седми март и осми мај. Според воспоставената постапка, Советот не изготвува ранг-листа при избор на кандидати кои ја имаат завршено АСЈО.

АСЈО редовно ги објавува на својата интернет-страница сите правилници со кои се уредува спроведувањето на теоретската и практичната настава за кандидатите за почетна обука, вклучувајќи го и правилникот за завршниот испит и придружните

5 Придонес на Коалицијата „Сите за правично судење“ во следењето.

6 Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер беше испратено до Советот на јавни обвинители на 30 мај 2025 година, а Советот одговори на 4 јуни 2025 година.

7 Огласот за прием на осмата генерација на кандидати, објавен на 24 септември 2020 година, за 97 места (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 230/2020), се засноваше на претходни проекции на двата совета, утврдувајќи ги најпотребните позиции на судии и обвинители. Дипломираните кандидати беа назначени преку два последователни конкурса: од Судскиот совет на 10 март и 30 април и од Советот на јавни обвинители на 7 март и 8 мај. Во првиот круг селекција во март, 20 од 97 кандидати останаа неименувани, вклучително и 19 кандидати за јавни обвинители, во согласност со првичните проекции. Сепак, во рамките на вториот повик од 30 април, Судскиот совет распиша конкурс за 35 судии и именуваше 19 судии од редот на претходно неизбраните кандидати. Како резултат на тоа, само еден кандидат за јавен обвинител остана неименуван, што претставува отстапување од првичните проекции и планираната распределба помеѓу судските и обвинителските функции. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sovet-na-jo-so-vcherashniot-oglas-na-sudski-sovet-ne-se-pochituvaat-proekciite-za-8-ta-generacija-na-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli/

упатства, ажурирани по потреба. Во согласност со Правилникот за завршен испит, се објавува прелиминарна ранг-листа, по што следува конечна ранг-листа по решавањето на сите поднесени жалби. Конечната листа го вклучува вкупниот резултат на секој кандидат од теоретската обука, практичната настава и завршниот испит, оценет во согласност со важечките правилници. **Во врска со оваа реформа, потребно е појаснување за тоа како релевантната институција ќе го толкува квантитативниот индикатор, особено со оглед на различните временски рокови за проекции за потребните судии и јавни обвинители, зачестеноста на изборот и други поврзани активности.**

- ***Реформски чекор: 4.2.1.2. Донесување измени на законите со кои се регулираат платите на судиите и обвинителите, како и на судската и обвинителската служба (јуни 2024 година).*** Спроведувањето на оваа реформска мерка опфаќа измени на четири закони, од кои секој се однесува на надоместоци за одредени категории судски или обвинителски кадар. Овие измени треба да ја зајакнат судската независност и интегритетот, да ги намалат ризиците од корупција и да ја направат судската кариера попривлечна.

  Кон крајот на декември 2024 година беа донесени **измени на Законот за плати на судиите и Законот за плати на јавните обвинители**, со приспособување на коефициентите за пресметка на платите на судиите и јавните обвинители, кои се применуваат од февруари 2025 година. **Измените на Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба сè уште не се донесени.** Во овој контекст, министерот за правда најави дека двата закона се изготвени.

  **Иако** предлог-законот за судска служба **и** предлог-законот за јавнообвинителска служба **се подготвени и објавени на платформата на ЕНЕР, заклучно со крајот на мај, односно крајот на јуни, не постојат докази дека се одвивале слични процеси на консултации за преостанатите два закона.** Според Реформската агенда, рокот за донесување на сите четири закони беше одреден за јуни 2025 година. Сепак, со оглед на тоа дека постапките во Собранието на РСМ бараат време и донесувањето зависи од ефикасниот законодавен процес и силната соработка меѓу пратениците, **рокот за завршување на овој чекор нема да биде испочитуван и при што реализацијата на реформата е предвидена по 30 јуни 2025 година**.

- ***Реформски чекор: Донесен е нов Закон за Судски совет во согласност со „Оценската мисија“ за функционирањето на Судскиот совет, од септември 2023 година, и мислењето на Венецијанската комисија (јуни 2025 година).*** Нацрт-законот и нацрт-извештајот за процена на влијанието на регулативата беа објавени на платформата на ЕНЕР на 13 мај 2025 година. **Министерот за правда формираше работна група за изготвување на измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет, во согласност со препораките на Оценската мисија.** Работната група е формирана во ноември 2023 година, составена од претставници од судството, академската заедница и граѓанското општество, вклучително Блупринт групата за реформи во правосудството. Работната група одржа многубројни состаноци за да ги разгледа и да ги интегрира клучните препораки изнесени од експертската мисија. Предложените измени беа дополнително разгледани за време на експертските консултации одржани на ниво на

апелациските области во ноември и декември 2024 година. Нацрт-верзијата на законот го одразува вклучувањето на препораките добиени од препораките на Оценската мисија. По завршувањето на работата на Работната група, нацрт-законот беше доставен до Венецијанската комисија.

Министерството за правда на 30 јуни соопшти **дека го добило мислењето од Венецијанската комисија и дека предлог-законот во моментов е во постапка за донесување од страна на Владата.** Со оглед на тоа што донесувањето од страна на Собранието се очекува по завршувањето на оваа постапка, рокот за исполнување на овој чекор нема да се испочитува и реализацијата ќе се пролонгира по 30 јуни. Оттука, сите потенцијални промени во постапките на Судскиот совет не можат да се оценат во оваа фаза.

| Домен на политика: Борба против организираниот криминал | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 1 | 2 |

Реформските напори во доменот на политиката *Борба против организираниот криминал* се насочени кон институционално зајакнување, усогласување на законодавството со стандардите на ЕУ и развој на стратешки капацитети – особено во областите на финансиските истраги, заплената на имот и спречувањето на трговијата со луѓе. Овие реформи се од суштинско значење за зајакнување на демократските институции, враќање на довербата на јавноста и унапредување на подготвеноста на Република Северна Македонија за интеграција во ЕУ.

Во второто полугодие, Република Северна Македонија вложи напори за унапредување на системот за наплата на средства и зајакнување на Агенцијата за управување со одземен имот преку ангажирање на стручен кадар, со цел поефикасно спречување на корупцијата и организираниот криминал. Сепак, Државниот завод за ревизија (ДЗР), во својот последен извештај за Агенцијата, укажа на значителен недостаток на квалификуван кадар поради непополнети позиции. Извештајот ја истакнува итната потреба од административни одобренија и финансиски средства за вработување дополнителен кадар и надминување на постојните недостатоци во капацитетите. Овој реформски чекор е во тек и нема да го испочитува рокот до јуни 2025 година.

» ***Реформски чекор: 4.7.1.1. Пополнети се сите отворени работни места на Агенцијата за управување со одземен имот (јуни 2025 година).*** Оваа реформа има цел зајакнување на системот за одземање имот во Република Северна Македонија, кој е од суштинско значење за управување со имот одземен по основа на корупција и организиран криминал, како и за унапредување на ефикасноста на земјата во процесот на поврат на таквиот имот.

**Извештајот на** Државниот завод за ревизија **укажува на сериозен недостиг од квалификуван кадар, особено во клучните сектори, како што се оперативното работење, финансиите, човечките ресурси и информатичката технологија, при што се пополнети само 22 од предвидените 47 слободни места.** И покрај постоењето на годишни планови за обука, последниве години не се спроведени обуки за вработените. Ревизорскиот извештај ја нагласува важноста на **спроведување на сеопфатна функционална анализа за процена на моменталниот кадровски капацитет на Агенцијата и утврдување на оптималниот број персонал потребен за ефикасно извршување на нејзиниот мандат**.

Планирано е Агенцијата да биде целосно кадровски екипирана во текот на 2025 година, преку вработување засновано на стручност и надлежност; меѓутоа, засега не се достапни конкретни квантитативни податоци за процесот на екипирање. Содржината на Табеларниот преглед на работните места во Агенцијата за 2024 година не ги содржи сите релевантни податоци потребни за анализа на оваа реформа (систематизирани/пополнети места). Нема информации од јавен карактер за кадровската екипираност на Агенцијата во врска со реформата. За да се овозможи континуирано следење на оваа реформа, поднесени се и барања за пристап до информации од јавен карактер со цел добивање на дополнителни податоци.

# Област на политика II: Енергетска/дигитална транзицијаn

| Домен на политика: Енергетска ефикасност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 |

Реформските напори во доменот на политиката *Енергетска ефикасност* се составен дел на пошироката стратегија на Република Северна Македонија за зелена транзиција. Тие се поттикнати од значајни планирани инвестиции, иницијативи за соработка и реформи во законодавството насочени кон намалување на зависноста од јагленот, унапредување на заштитата на животната средина и обезбедување усогласеност со климатските и енергетските цели на ЕУ. Сепак, ограничениот напредок во спроведувањето и инфраструктурните предизвици остануваат клучни пречки што бараат итно внимание.

Во текот на првиот семестар на 2025 година, Република Северна Македонија се сосредоточи на Годишниот план за спроведување на праведна транзиција од декември 2024 година, кој ја вклучува активноста поврзана со тригодишниот План за реновирање на зградите на централната власт.

» ***Реформски чекор 3: Донесување на тригодишен План за реновирање на зградите на централната влада усогласен со годишната цел за реновирање од 3% (јуни 2025 година).*** Во оваа фаза нема информации од јавен карактер за донесување на Планот. Во рамките на имплементацијата на Годишниот план за праведна транзиција 2025 (ГППТ), во делот за енергетска ефикасност е предвидена активноста „Тригодишен план за реновирање на згради на централната власт, во согласност со целта за годишно реновирање од 3%“, кој треба да се донесе до јуни 2025 година. Планираните активности опфаќаат формирање на работна група составена од надлежни министерства, за процена и приоретизација на зградите во државна сопственост за реновирање, поставување цели во согласност со Националниот план за енергија и клима (НПЕК) и годишната цел од 3%, изработка на фазен и детален план за имплементација, обезбедување на финансиски извори, потврдување на планот преку консултации со засегнатите страни, како и воспоставување систем за следење на напредокот и резултатите во областа на енергетската ефикасност. Во оваа фаза, содржината на планот не може да се следи затоа што не е јавно достапен. За да се олесни тековното следење на оваа реформа, поднесени се барања за пристап до информации од јавен карактер за да се соберат дополнителни релевантни податоци.

| Домен на политика: Кибербезбедност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |

Реформските напори во областа на политиката за кибербезбедност се насочени кон воспоставување на безбедна и ефикасна дигитална средина. Тие вклучуваат законодавно усогласување со ЕУ, институционално зајакнување, градење на технички капацитети и интеграција на начелата за кибербезбедност во јавната администрација и испораката на услуги. Овие реформи претставуваат основа за создавање систем на управување што е дигитално безбеден, транспарентен и усогласен со стандардите на Европската унија. Во првиот семестар од 2025 година, Република Северна Македонија се сосредоточи на воспоставување на законската рамка за кибербезбедност, почнувајќи со донесувањето на Националната стратегија за кибербезбедност.

» ***Реформски чекор: 2.2.1.1. Донесување и спроведување на законодавна рамка за кибербезбедност, која е целосно усогласена со политиката на ЕУ за кибербезбедност и правото на ЕУ за кибербезбедност, т.е. Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и ажурираната стратегија за кибербезбедност (јуни 2025 година).*** Собранието го донесе Законот за безбедност на мрежи и информациски системи на 27 јуни 2025 година. Последната верзија на предлог-законот **е објавена на порталот на ЕНЕР** на 29 јануари 2025 година, заедно со процена на влијанието на регулативата. Табелата за усогласеност и изјавите за усогласеност со директивите на ЕУ NIS/NIS2 не се јавно достапни. **Според** Соопштението на Министерството за дигитална трансформација **за донесување на законот, тој целосно се усогласува со Директивата NIS2 на ЕУ.** Покрај тоа, Министерството посочи дека со законот се предвидува формирање на **нови институционални структури**, како што се Национален совет за кибербезбедност, владин оперативен центар и посебен сектор за кибербезбедност, со цел поддршка на клучните институции и критичната инфраструктура, притоа обезбедувајќи задолжително ангажирање на стручни лица во областа на кибербезбедноста. Со овој закон, **Република Северна Македонија** по прв пат донесува закон за кибербезбедност. **Предлог-законот е донесен на** 77. владина седница**.** Собраниската комисија го разгледа нацрт-законот на 23 јуни 2025 година. Според одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер[8], доставен од Министерството за дигитална трансформација на 27 јуни 2025 година, спроведувањето на Законот е планирано да почне на први јануари 2026 година.

8 Барање за пристап до информации од јавен карактер беше поднесено до Министерството за дигитална трансформација на втори јуни 2025 година, а одговорот од Министерството беше доставен на 27 јуни 2025 година.

| Домен на политики: Дигитални јавни услуги | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 |

Реформите во доменот на политиката *Дигитални јавни услуги* се сосредоточуваат на подобрување на дигиталното управување, правејќи ги јавните услуги подостапни, ефикасни и ориентирани кон граѓаните. Овие напори се одразуваат во рамките на законодавството, надградбите на ИТ-инфраструктурата и меѓусекторските стратегии што имаат цел да изградат дигитално способен и транспарентен јавен сектор усогласен со стандардите на ЕУ. Во текот на првиот семестар на 2025 година, Република Северна Македонија се сосредоточи на следното:

» ***Реформски чекор: Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ и Регулативата за eIDAS2 со донесување на ажуриран Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (јуни 2025 година).*** Собранието го донесе Законот за електронски документ, електронска идентификација и доверливи услуги на 27 јуни 2025 година по редовна постапка, и покрај тоа што Владата првично го означи како точка за донесување по брза постапка на[9] 78. седница **на трети јуни 2025 година.** Оваа нејасност во процесите отвора прашања за степенот на постапна јасност, транспарентност и усогласеност со постојната законска рамка.

  Само предлог-законот **за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и неговите ПВР се** објавени на платформата за консултации на ЕНЕР, без табела на усогласеност и изјави за усогласеност за усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ. Пред неговото донесување, надлежните собраниски комисии го разгледаа предлог-законот на 23 јуни 2025 година пред да биде доставен на пленарна седница за конечно донесување. **Во оваа фаза не може да се спроведе процена на функционалноста и подготвеноста за имплементација.**

» ***Реформски чекор: Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ и Регулативата за eIDAS2 со донесување на ажуриран Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (јуни 2025 година).*** Собранието го донесе Законот за архивирање на електронски документи на 27 јуни 2025 година преку редовна постапка, и покрај тоа што Владата првично го означи како точка по брза постапка (реформска агенда) на[10] 78. седница **на трети јуни 2025 година**. Оваа нејасност во процесите отвора прашања за степенот на постапна јасност, транспарентност и усогласеност со постојната законска рамка.

  Најновата верзија на нацрт-законот **беше објавена на платформата на ЕНЕР** за јавна расправа на десетти март 2025 година. Пред неговото донесување, надлежната собраниска комисија го разгледа предлог-законот на 23 јуни 2025 година, пред тој да биде доставен на пленарна седница за конечно донесување. **Во оваа фаза не може да се изврши оцена на степенот на усогласеност и практична примена на одредбите, како ни на јасноста во нивната содржина.**

9 Точка 47 од дневниот ред на 78. владина седница одржана на 3 јуни 2025 година.
10 Точка 48 од дневниот ред на 78. владина седница одржана на 3 јуни 2025 година.

# Област на политика III: Човечки капитал

Реформските напори во Областа на политика III: Човечки капитал се сосредоточени **на јакнење на системот за стручно образование и обука, како и на подобрување на квалитетот и инклузивноста на образованиот процес**. Клучните реформи вклучуваат донесување на нов закон за стручно образование и обука, формирање на регионални центри за стручно образование и обука и мерки за зголемување на образованието на возрасните и признавање на неформалното учење. Реформите, исто така, промовираат кариерно насочување во училиштата, интегрирање на дигиталните и зелените вештини во наставните програми и дигитално модернизирање на основните училишта.

| Област на политика III: Човечки капитал | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Стручно образование и обука (СОО) | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 1 |
| Квалитет на образованието | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 |

**Во *Областа на политика III: Човечки капитал* не се предвидени конкретни реформски чекори за тековниот семестар, кој е во фокусот на извештајот на ЕПИ за Следење на реформите од Реформската агенда 2024-2027.** Во следниот период, ЕПИ ќе објавува редовни ажурирања за спроведувањето на реформите во домените на стручното образование и обука (СОО) и унапредувањето на квалитетот на образованието.

# Област на политика IV: Развој на приватниот сектор и деловното опкружување

Напорите за реформи во доменот на политиката за *Иновации и пристап до финансии* се насочени кон подобрување на иновациската средина, зајакнување на конкурентноста на малите и средните претпријатија (МСП), справување со неформалната економија и усогласување на локалните бизниси со барањата на пазарот на ЕУ. Стратешките рамки на политики ги насочуваат овие иницијативи кон развој на економија водена од иновации. Република Северна Македонија, во првиот семестар од 2025 година, спроведе преглед на постојното законодавство за да го подобри пристапот до кредитирање за малите и средните претпријатија. Поставените цели за семестарот се ограничени, а спроведувањето сè уште е во тек.

| Домен на политика: Иновации и пристап до финансии | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 |

- ***Реформски чекор: Олеснување на пристапот до заеми за МСП со измена на релевантното законодавство за да се овозможи користење на нематеријални средства како колатерал при кредитирањето на МСП (јуни 2025 година).*** Правната рамка зад оваа реформа, која им овозможува на малите и средните претпријатија да користат нематеријални средства како колатерал за заеми, ги содржи следните три инструменти: 1. Законот за договорен залог, 2. Законот за индустриска сопственост, и 3. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик. Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за МСП на Република Северна Македонија за 2025-2030 година, исто така, предвидува активност, почнувајќи од 2026 година, која се сосредоточува на зголемување на свеста и промовирање на најдобрите практики за користење на нематеријалните средства како колатерал во финансирањето на МСП. **Измените на постојните закони поврзани со оваа реформа сè уште не се почнати или нема достапни информации од јавен карактер за нивно почнување. На платформата на ЕНЕР не е објавен нацрт-закон, ниту, пак, се достапни јавни информации или табела за усогласеност и кореспонденција од страна на надлежното министерство. Поради тоа, во оваа фаза не може да се изврши оцена на подготвеноста за имплементација.**

| Домен на политика: Државни претпријатија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рок | дек. 24* | јуни 25 | дек. 25 | јуни 26 | дек. 26 | јуни 27 | дек. 27 |
| Број на реформи | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 |

Реформските напори во доменот на политиката за *Државни претпријатија* се интегрален дел од поширокатa агенда за структурни промени и зголемување на конкретноста на Република Северна Македонија. Целите опфаќаат унапредување на транспарентноста и оперативните перформанси на претпријатијата во државна сопственост, усогласување на нивното работење со националните и европските стандарди, зајакнување на нивната улога во промовирање иновации, одржливост и правична конкуренција, како и унапредување на нивната трансформација во отчетни јавни претпријатија што придонесуваат кон инклузивен економски развој.

» ***Реформски чекор: Измена на Законот за трговски друштва за воведување нови правила за назначување на независни членови на одбори на трговски друштва во државна сопственост (декември 2024 г.).*****Измените на Законот за трговски друштва** беа донесени **на 27 декември 2024 година, стапија на сила на четврти јануари 2025 година, а почнаа да се применуваат на четврти април 2025 година.** Законот носи неколку клучни новини, вклучувајќи критериуми за избор и именување управители, независни неизвршни членови на одборот и членови на надзорниот одбор во друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва што се во мнозинска или целосна државна сопственост, на пример барања поврзани со соодветно работно искуство. Дополнително, Законот ги уредува висините на надоместокот за членовите на надзорните тела во претпријатијата во државна сопственост и воведува ограничувања на бројот на членови во управните и надзорните одбори, со цел зголемување на ефикасноста и намалување на оперативните трошоци на овие управувачки структури. Постои еден исклучок од одредбите на член 2 од овој закон, со кој се менува член 231-а, став (1), точка 5 (се однесува на поседување уверение или доказ за познавање на англиски, француски или германски јазик) и почнува да се применува на 4.1.2025 година.

Согласно одговорот на барање за пристап до информации од јавен карактер[11] од Министерството за економија и труд на 18 јуни 2025 година, **не е спроведен консултативен процес** во врска со овој закон, односно **законот не е објавен на платформата на ЕНЕР**.

» ***Реформски чекор: Создавање регистар на ПДС (SOEs) и трговски друштва со учество на државата, кој е јавно достапен (јуни 2025 г.).*** Министерството за финансии го воспоставува, води и одржува Регистарот на јавни субјекти што треба да биде јавно достапен. Правилникот, кој стапи на сила на 31 декември 2024 година, **ги дефинираше форматот, содржината, основањето и начинот на водење на Регистарот**. **Секој субјект што е директно или индиректно основан од државата или од општините се евидентира во Регистарот.**

11 Барање за пристап до информации од јавен карактер беше испратено до Министерството за економија и труд на 26 мај 2025 година, а Министерството одговори на 18 јуни 2025 година.

**Регистарот не е достапен онлајн.** Согласно член 2 од Правилникот, Регистарот се води електронски. **Треба да ги содржи следните информации: 1) називот на субјектот, 2) регистарскиот број, 3) даночниот број, и 4) групата на јавни субјекти во која припаѓа** (буџетски корисници, јавни претпријатија, други јавни субјекти и Народната банка на Република Северна Македонија). Сепак, бидејќи Регистарот сè уште не е објавен, **во оваа фаза не е можно да се процени неговата достапност или да се утврди дали редовно се ажурираат претпријатијата во државна сопственост**.

Во согласност со Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва, субјектите се должни да доставуваат квартални финансиски извештаи до Владата на Република Северна Македонија и да ги објавуваат онлајн. Во овој контекст, Министерството за финансии има објавено квартални финансиски податоци за 29 субјекти, од кои 14 јавни претпријатија во целосна државна сопственост и 15 трговски друштва во државна сопственост [13 акционерски друштва и 2 друштва со ограничена одговорност (ДООЕЛ)].

До Министерството за финансии е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер, кое се однесува на јавната достапност и содржината на Регистарот на јавни субјекти, постапките за ажурирање и проверка на податоците, како и кадровската екипираност и функционалноста на надлежниот сектор.

» ***Реформски чекор: Донесување на планот за реструктурирање на операторот на железницата во државна сопственост и управителот на железничката инфраструктура до јануари 2025 година (јуни 2025 г.).*** На 18 март 2025 година, Владата на Република Северна Македонија **го разгледа и го донесе** Планот за реструктурирање **на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (2025-2027)**. Владата, исто така, ѝ наложи на компанијата да ги разгледа забелешките дадени во мислењето издадено од Министерството за финансии. Нема **јавно достапни информации што потврдуваат дали биле одржани консултации или дали засегнатите страни биле вклучени во процесот на изготвување на Планот**. Затоа што планот **не е јавно достапен, не е можно да се изврши увид во неговата содржина, ниту да се евалуираат мерките за спроведување и активностите реализирани до овој момент**. До Министерството за транспорт е поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер, со цел разјаснување на недостигот од достапни информации поврзани со планот, вклучувајќи го отсуството на јавно објавена содржина, податоци за имплементацијата и информации за спроведени консултации со засегнати страни.

## СЛЕДЕЊЕ НА ИСПЛАТИТЕ (СЕМЕСТРАЛНО)

Во текот на првиот семестар (двата рока соодветно, во декември/јануари 2024 година и јуни 2025 година), Република Северна Македонија има пристап до околу **140,1 милион евра** финансиска поддршка од ЕУ во рамките на Инструментот за реформи и раст. Од вкупниот износ, **околу 52,4 милиони евра се наменети за претфинансирање, додека приближно 87,7 милиони евра се условени со спроведувањето на реформските чекори заклучно со декември 2024 година и јуни 2025 година**.

Исплатите поврзани со роковите за реформи од декември 2024 и јуни 2025 година се во тек. До овој момент не се извршени исплати засновани на спроведени реформи. **Првото барање за ослободување на финансиски средства, во висина од приближно 17,1 милион евра, беше поднесено на 14 март 2025 година.** Европската комисија го разгледува поднесокот во својата стандардна 90-дневна временска рамка. Доколку не бидат побарани дополнителни појаснувања или повратни информации во врска со поднесокот, се очекува процената на ЕК да биде завршена до 12 јуни[12] 2025 година.

Преостанатиот износ за исплата во рамките на првиот семестар сè уште е на располагање, условен од реализацијата на реформите, институционалната подготвеност и политичката поддршка за забрзано изготвување и донесување на законите.

12 Врз основа на информации споделени од претставник на Министерството за европски прашања, 90-дневниот рок за оцена од страна на Европската комисија ќе биде привремено суспендиран поради доставување на дополнителни докази и документација.